Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**
Бр. 05-144 3/3
14. 03. 2019 2019 година
Скопје

Врз основа на член 28 став 1 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РМ" бр. 136/2007, 130/08, 97/2010, 53/2011, 185/2011, 24/2012, 15/13, 148/13, 18/2014, 28/2014, 43/2014, 148/2014, 130/14, 180/14, 78/2015, 192/15, 27/16, 120/16 и 165/17) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на РМ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/2010 и 51/2011), По овластување на Министерот за правда Заменик Министерот донесе

**О Д Л У К А**
**За набавка на стоки – Набавка на Microsoft лиценци, два сервери и сториџ за e-mail систем и миграција на постоечкиот систем за потребите на Министерство за правда**

1. За потребите на Министерството за правда да се изврши јавна Набавка на Microsoft лиценци, два сервери и сториџ за e-mail систем и миграција на постоечкиот систем, согласно техничка спецификација во тендерска документација.

2. За реализација на оваа набавка потребни се средства во вкупен износ 1.200.000,00 денари без ДДВ, ДДВ со износ од 216.000,00 односно 1.416.000,00 денари со вклучен ДДВ, средства кои се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2019 година, а плаќањето ќе се врши од редовна буџетска сметка на Министерство за правда 637, програма 10–администрација, ставка 480.

3. Јавната набавка од точката 1 на оваа одлука, да се изврши со постапка со барање за прибирање на понуди согласно член 100 став 3 алинеа 2 од Законот за јавни набавки со објавување на оглас за доделување на договор за јавна набавка, која ќе се спроведе преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), со спроведување на електронска аукција (Е-Аукција), согласно Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16 и 165/17).

4. Критериум за избор на најповолен понудувач да биде: <u>најниска цена.</u>

5. За спроведување на постапката од оваа одлука се формира комисијата за јавни набавки во следниот состав:

Претседател на комисија: Нофка Стојановска
- Членови: 1) Теута Бериша
  2) Насер Ќамили

Заменик претседател на комисија:Никола Бабановски
- Членови: 1) Даниела Ангеловска
  2) Михајло Војтикив

6. Се задолжува Комисијата за јавни набаваки од точката 5 да ја спроведат оваа одлука, согласно Законот за јавни набавки.

7. Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА

По овластување на Министер за правда
Заменик Министер
Оливер Ристовски

Подготвил: Марина Миновска, Советник
Контролирал: Маја Стефковска Панева, Раководител на одделение